## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 36 став 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

### Член 1

Во Правилникот за поблиските услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.102/10 и 144/10) во членот 3 алинеја 2 се менува и гласи:

„- објекти и опрема за сортирање: мешалка на брашно (хомогенизатор), лабораторија опремена со: фаринограф, екстензограф, амилограф, печка за одредување на содржината на пепел, апарат за одредување на седиментација по Зелен (Zeleny), апарат за одредување на содржината на глутен, или да има договор за вршење на анализи на квалитетот од овластена лабораторија за време на најавениот увоз на брашното; ".

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-4154/5<br>24 април 2012 година<br>Скопје

Министер,<br>Љупчо Димовски, с.р.